// СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на НРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Понеделник, 30 април 1962
Скопје
Бр. 12 Год. XVIII

Претплатата за 1962 год. изнесува 1.800 дин. Овој број чини 80 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.

41.

На основа член 33 став 3 од Законот за здравствено осигурување на земјоделските производители, Народното собрание на Народна Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 12 април 1962 година и на седницата на Соборот на производителите одржана на 12 април 1962 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТОПИТЕ И ПАУШАЛНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ОСНОВНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ ЗА 1962 ГОДИНА

I. Од катастарскиот приход и други споредни стопански дејности во земјоделството што подлежат на оданочување придонесот за здравствено осигурување ќе се пресметува за сите домаќинства што се обложени со данок на доход од земјоделство по општа стопа од 5%.

II. Паушалниот придонес по глава на корисникот на основното здравствено осигурување што ќе го плаќа земјоделскиот производител кој нема сопствена земја, ниту право на плодоуживање од земјоделско земјиште, се утврдува на 700 динари.

III. Паушалниот придонес по глава на осигуреник на основното здравствено осигурување, што ќе го плаќа народниот одбор од буџетот на општината, се утврдува на 600 динари.

IV. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ", а ќе се применува од 1. I. 1962 година.

**Народно собрание**
**на Народна Република Македонија**

Број 0102-142
12 април 1962 година
Скопје

Претседател
на Народното собрание,
**Лазар Колишевски**, с. р.

Претседател
на Соборот на производителите,
**Борко Темелковски**, с. р.

Претседател
на Републичкиот собор,
**Киро Георгиевски**, с. р.

42.

На основа член 77 став 1, член 78, во врска со член 80 и 49 став 2 и 3 од Законот за судовите, Народното собрание на Народна Република Македонија на Триесетипрвата заедничка седница на Републичкиот собор и Соборот на производителите одржана на 11 април 1962 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА СУДИИ

I. Се разрешува од должноста Анастасов Тодор, досегашен претседател на Окружниот суд во Скопје, по негова согласност за избирање во друг суд.

II. Се разрешува од должноста Петковски Славко, досегашен судија на Окружниот суд во Битола по негово барање.

III. Се разрешуваат од должноста поради пензионирање:

1. Младенов Никола, досегашен судија на Окружниот суд во Тетово;
2. Нецев Борис, досегашен судија на Окружниот суд во Штип и
3. Костов Јован, досегашен судија на Окружниот стопански суд во Штип.

IV. Се избираат:

а) За судии на Врховниот суд на Народна Република Македонија:

1. Мировски Љупчо, досегашен заменик на Јавниот обвинител на НР Македонија и
2. Анастасов Тодор, досегашен претседател на Окружниот суд во Скопје.

б) За претседател и судии на окружни судови:

1. За претседател на Окружниот суд во Скопје — Смилевски Тодор, досегашен Окружен јавен обвинител во Скопје;
2. За судија на Окружниот суд во Битола — Ивановски Томе, досегашен судија на Околискиот суд во Битола;
3. За судија на Окружниот суд во Тетово — Живковиќ Воислав, досегашен судија на Околискиот суд во Тетово.

V. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Народна Република Македонија".

**Народно собрание**
**на Народна Република Македонија**

Број 0102-143
11 април 1962 година
Скопје

Претседател
на Народното собрание,
**Лазар Колишевски**, с. р.

43.

На основа член 26 од Законот за претпријатијата за аеродромски услуги („Службен лист на ФНРЈ" бр. 24/61), на предлог од Секретаријатот за сообраќај, Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВНИ ПРИСТАНИШТА (АЕРОДРОМИ) ОТВОРЕНИ ЗА ВНАТРЕШЕН ЈАВЕН ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

1. Воздухопловните пристаништа (аеродроми) „Скопје" во Скопје и „Охрид" во Охрид се определуваат за аеродроми отворени за внатрешен јавен воздушен сообраќај и тоа:

— аеродром „Скопје" во Скопје како сталeн и отворен во тек на целата година;

— аеродром „Охрид" во Охрид како сезонски и отворен од 15. VI. до 15. IX. во годината.

2. Оваа одлука влегува во сила веднаш, а ќе се објави во „Службен весник на НРМ".

Бр. 09-440/1
15 март 1962 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, **Филип Брајковски**, с. р
Претседател, **Александар Грличков**, с. р.

---

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во Законот за музејските установи („Службен весник на НРМ" бр. 42/60) се поткрале долунаведените грешки поради кое се дава

## ИСПРАВКА
## НА ЗАКОНОТ ЗА МУЗЕЈСКИТЕ УСТАНОВИ

Во членот 19 став 1 зборот „чие" треба да гласи „чиј", а по него се додаваат зборовите „обем и".

Од Народното собрание на НРМ.

# Огласен дел

## ПРОМЕНИ НА ИМИЊА

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-4759 од 20 март 1962 година ја одобри промената на фамилијарното име на Цафтаковски Петар, роден на 22 јуни 1935 год. во село Крушје, Охридска околија, од татко Панте и мајка Флора, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Николовски.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (117)

---

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-5237/1 од 26 март 1962 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Атанасов Душан, роден на ден 19 мај 1939 година во град Кавадарци, Титовврлешка околија, од татко Димо и мајка Ѓелка, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Коцев.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (118)

---

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-4748/1 од 17 март 1962 година, ја одобри промената на роденото име на Габова Борјана, родена на ден 12 октомври 1941 год. во Кочани, Штипска околија, од татко Габов Лазар и мајка Марика, така што во иднина роденото име ќе и гласи **Анка.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (119)

---

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-1127/2 од 17 март 1962 година, ја одобри промената на личното име на Јован Николов, роден на 20 ноември 1921 година во село Криви Дол, Штипска околија, од татко Трајко и мајка Сава, така што во иднина личното име ќе му гласи **Златев Ванчо.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (120)

# КОНКУРСИ

Врз основа на членот 10 став 1 од Правилникот за работните односи на службениците и работниците на Народниот одбор на општината Дебар, Советот на работниот колектив

распишува

## КОНКУРС
## за пополнување работното место Референт по сточарство и шумарство

Услови:

Спрема Правилникот за организацијата и систематизацијата на работните места на органите на управата на Народниот одбор на општината Дебар се бара службеник — референт со завршен земјоделски факултет — шумарски смер со 7 години практика во струката.

Личен доход спрема Правилникот за средствата за работа и нивната расподелба на органите на управата на НО на општината Дебар.

Кандидатите треба да поднесат молба, со потребните документи за назначување, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот во „Службен весник на НРМ".

Информации секој работен ден од 12 до 14 часот или во секое време на телефон бр. 50. (413)

---

Врз основа на членот 40 од Законот за јавните службеници, Комисијата за службенички работи на Народниот одбор на општината Дебар

распишува

## КОНКУРС
## за пополнување работното место ДИРЕКТОР на Заводот за запослување на работници, Дебар

Услови:

1. Више образование, односно признаена виша стручна спрема со преку 3 години практика во управна струка;

2. Средно образование односно признаена средна стручна спрема со преку 5 години практика во управна струка.

Плата по Законот за јавните службеници, а положајна плата по Одлуката за положајните плати на службениците на Заводот за запослување на работници — Дебар.

Молбите, со сите потребни документи по чл. 31 од Законот за јавните службеници, се поднесуваат до овој Народен одбор — Одделение за општа управа, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот во „Службен весник на НРМ". (414)

---

На основа член 15 од Правилникот за спроведување на конкурсите за пополнување на местата на наставниот и воспитниот персонал во училиштата и другите воспитни установи, Советот за просвета на Народниот одбор на Кумановска околија распишува

**РЕДОВЕН КОНКУРС**

**за пополнување на упразнетите места во училиштата и другите установи за воспитување и образование на подрачјето на Кумановска околија**

I ЗАВОД ЗА ШКОЛСТВО ПРИ НО НА ОКОЛИЈАТА

— просветни советници за оддел. настава 2

УСЛОВИ: Филозофски факултет, ВПШ, учителска школа, положен стручен испит и 10 години практика во просветна струка.

II УЧИТЕЛСКА ШКОЛА „ПРОФЕСОР МИЈАЛКОВИЌ" — КУМАНОВО

Професор за:
— педагошка група предмети 1
— математика 1
— шиптарски јазик 1
Наставник за:
— музика 1
— ликовно воспитување 1
— општотехничко воспитување 1
— домаќинство 1
— предвојничка обука 1
— географија и историја (шиптарски јазик) 1

УСЛОВИ: Завршен филозофски факултет или ВПШ, уметничка академија, средна фискултурна школа, домаќинска школа, за предвојничка обука — резервен офицер со вишо или средно образование и по музика средна музичка школа.

III ШКОЛСКИ ЦЕНТАР ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА СТРУЧЕН КАДАР ВО ЗЕМЈОДЕЛИЕТО „КИРО БУРНАЗ" — КУМАНОВО

Директор на центарот 1
Професор за:
— полоделие (инженер-агроном) 1
— организација на земјод. производство (инженер агроном) 1
— агрохемија, педалогија и хемија 1
— агрометеорологија, сточарство и градин. 1
— (наставник или стручен учител) за техничко цртање 1
— (или машински техничар) за земјоделски машини 1
Наставник за:
— (или стручен учител) машински елементи и трактори 1
— (или стручен учител) моторно дело 1
— (или учител) оправка на земјод. машини 1
— (или учител) пракса за моторно дело 1
— механизација 1
Земјоделски техничар за:
— земјоделска практика 1
Професор за:
— (или наставник) македонски јазик 1
— (или наставник) математика 1
Наставник за:
— фискултура и предвојничка обука 1
Воспитач за:
— Интернат при Центарот 2

УСЛОВИ:

За директор на Центарот завршен факултет; за професори завршен соодветен факултет и практика во струката; за наставници завршена ВСПШ или средна земјоделско-машинска школа и практика во струката; за наставник по фискултура и предвојничка обука — завршена средна фискултурна школа или школа за резервни офицери; за воспитачи при Интернатот на Центарот — завршена ВПШ или учителска школа со практика во струката.

**НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНАТА КУМАНОВО**

I ГИМНАЗИЈА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" — КУМАНОВО

Професор за:
— француски јазик 1
— латински јазик 1
— математика 1
— физика 1
— хемија 1
— државно уредување и социологија 1
Наставник за:
— фискултура (женско) 1

II ЕКОНОМСКО УЧИЛИШТЕ „МОША ПИЈАДЕ" — КУМАНОВО

Професор за:
— македонски јазик 1
— општа математика 1
— економисти 2

III ПЕРИОДИЧНО УЧИЛИШТЕ ЗА УЧЕНИЦИ ВО СТОПАНСТВОТО — КУМАНОВО

— директор 1
Наставник за:
— стопанска географија и општ. екон. образ. 1
— механичка технологија 1
— дрвна технологија 1

IV МЕТАЛЕН ЦЕНТАР „НАЦЕ БУЃОНИ" — КУМАНОВО

Инженер за:
— метален смер 2
Професор за:
— општа математика 1

V ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „КРСТЕ МИСИРКОВ" — КУМАНОВО

Наставник за:
— македонски јазик 2
— српско-хрватски јазик 1
— запознавање на општеството 1
— математика 1

VI ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „БРАЌА МИЛАДИНОВИ" — КУМАНОВО

Наставник за:
— македонски јазик 1
— математика 1
— физика 1
— француски јазик 1
Учител за:
— српски јазик 1
— македонски јазик 1
— дефектни паралелки 2

VII ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „БАЈРАМ ШАБАНИ" — КУМАНОВО

Наставник за:
— предметна настава на шиптарски јазик 1
— француски јазик 1
— природни науки (запознавање на природата, хемија, физика, биологија) 2
— запознавање на општеството 1
— математика 1
Учител за:
— шиптарски наставен јазик 7
— македонски наставен јазик 3
— турски наставен јазик 3
— за замена на шиптарски јазик 1
Стручен учител за:
— ликовно воспитување 1
— општо-техничко воспитување 1
— музика 1

VIII ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ВУК КАРАЏИЌ" — КУМАНОВО

Наставник за:
— македонски јазик 1
— македонски и српски јазик 1
— српски јазик 1
— географија 1
— историја 1
— математика и физика 3
— музичко воспитување (или стручен учител) 1
— француски, англиски и руски јазик 2
Стручен учител за:
— физичко воспитување 1
— општотехничко воспитување 1

IX ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „КОЧО РАЦИН" — КУМАНОВО

Наставник за:
— запознавање на природата, биологија и хемија 2
— математика и физика 2
— запознавање на општеството, историја и социјалистички морал 1
Стручен учител за:
— музичко воспитување 1
— физичко воспитување 1

X НОВО ОСУМГОДИШНО УЧИЛИШТЕ

Управител на Училиштето 1
Наставник за:
— македонски јазик 1
— српски јазик 1
— француски јазик 1
— математика 1
— физика 1
— историја и географија 2
— биологија 1
— ликовно воспитување 1
— музичко воспитување 1
— физичко воспитување 1
— општотехничко воспитување 1
Учители за:
— македонски наставен јазик 6

XI ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ХРИСТИЈАН КАРПУШ" — КУМАНОВО

Професор или наставник за:
— биологија 1
Стручен учител за:
— физичко воспитување 1
— музичко воспитување 1

XII ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПУШ" с. МЛАДО НАГОРИЧАНЕ

Наставник за:
— македонски јазик 1
— француски јазик 1
— математика 1
— биологија 1
— физика 1
Стручен учител за:
— ликовно воспитување 1
— физичко воспитување 1
— музичко воспитување 1
Учител за:
— македонски јазик 2

XIII ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ИВО РИБАР — ЛОЛА" — ТАБАНОВЦЕ

Наставник за:
— српско-хрватски јазик 1
— физика 1
— математика 1
— географија 1
— македонски јазик 1
— француски јазик 1
Стручен учител за:
— општотехничко воспитување 1
— ликовно воспитување 1
— физичко воспитување 1

XIV ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „КИРИЛ И МЕТОДИ" с. РОМАНОВЦЕ

Управител на Основното училиште 1
Наставник за:
— македонски јазик 1
— француски јазик 1
— математика и физика 1
— биолошка група 1
— историја и географија 1
Стручен учител за:
— музичко воспитување 1
— ликовно воспитување 1
Учител за:
— шиптарски наставен јазик 4

XV УЧИЛИШТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ — КУМАНОВО

Наставник за:
— физика 1
— биологија и хемија 1
— историја и економско образование 1
— математика 1

XVI МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ „ПАНЧЕ ПЕШЕВ" — КУМАНОВО

Наставник за:
— (или стручен учител) клавир 2
— (или стручен учител) виолина 1
— (или стручен учител) хармоника 1
— (или стручен учител) солфеж 1

XVII ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „КАРПОШ" ВО С. УМИН ДОЛ

Наставник за:
— биолошка група 1
— историја и географија 1

XVIII ЗА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ВО СЕЛАТА.

Учител за:
а) (македонски јазик):
— село Опае 1
— село Младо Нагоричане (Смилчинци) 2
— село Младо Нагоричане (Слатино) 1
— село Агино Село 1
б) (српско-хрватски јазик):
— село Тромеѓа 2
— село Љубодраг 1
в) (шиптарски јазик):
— село Опае 2
— село Сопот 1

УСЛОВИ:

1. За управителите и пом. управителите: завршен филозофски факултет, ВПШ или учителска школа со положен стручен испит и најмалку 5 години практика.

2. За учителите во гр. Куманово: учителска школа и положен стручен испит.

3. За наставниците: филозофски факултет или ВПШ.

4. За професорите: соодветен факултет.

5. За стручните учители во Куманово: завршено соодветно стручно училиште и положен стручен испит, а за предметот — општотехничко воспитување: техничко училиште машински отсек или електро отсек.

6. На наставниот персонал на село му припаѓа бесплатен стан и огрев, доколку ги исполнува условите за тоа и посебен додаток, согласно со Одлуката за посебни додатоци.

7. При избор на кандидатите предимство имаат:

а) кандидатите што во последните две учебни години се оценети со највисоки оценки;

б) кандидатите што имаат подолг работен стаж;

в) кандидатите што имаат деца за школување и кои се истакнале во општествена работа.

8. Лицата што прв пат стапуваат на работа треба да достават лична изјава дека не се стипендисти и дека немаат никаква обврска.

9. Народниот одбор на општината не обезбедува стан, како ни патни и дневни и селидбени трошоци.

**НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНАТА КРАТОВО**

I ГИМНАЗИЈА — КРАТОВО

Директор на гимназијата 1
Професор за:
— македонски јазик 1
— биологија 1
— историја 1
— латински и француски јазик 1
— математика и физика 1
Наставник за:
— (или стручен учител) по техн. образов. 1
— (или стручен учител) по физичко воспит. 1

II ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „КОЧО РАЦИН" — КРАТОВО

Наставник за:
— македонски јазик 2
— физика 1
— запознавање на природата, хемија и биологија 2
— математика 2
— (или стручен учител) општотехн. образ. 1
— општество, географија, историја и социјалистички морал 1
— српски јазик 1
— стран јазик 1
— физичко воспитување 1
Учител-воспитач за:
— Забавиште 1

III ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО С. КРИЛАТИЦА

Управител на Основното училиште 1
Наставник за:
— македонски, српски и француски јазик 1
— природа и општество 1
— математика, физика, хемија 1
— физичко, ликовно и музичко воспит. 1
Учител за:
— одделенска настава 1

IV ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО С. САКУЛИЦА

Управител на Основното училиште 1
Наставник за:
— македонски, српски и француски јазик 1
— математика, физика и хемија 1
— природа и општество 1
— физичко, музичко и ликовно воспитување 1

V ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО С. СТРАЦИН

Наставник за:
— македонски и српски јазик 1
— историја и географија 1
— француски јазик 1
— математика и физика 1
— (или стручен учител) муз. воспитување 1

VI ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО С. КНЕЖЕВО

Управител на Основното училиште 1
Наставник за:
— македонски, српски и француски јазик 1
— математика, физика и хемија 1
— физичко, музичко и ликовно воспитување 1
Учител за:
— оддел. настава од I—IV оддел. Кнежево I 1
— оддел. настава од I—IV оддел. Кнежево II 1

VII ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО СЕЛО ШОПСКО РУДАРЕ

Наставник за:
— македонски, српски и француски јазик 1
— математика, физика и хемија 1
— природа и општество 1
— физичко, музичко и ликовно воспитување 1
Учител за:
— одделенска настава од I—IV одделение 3

VIII ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА (I—IV) ОДДЕЛЕНИЕ ВО СЕЛАТА:

Учител за:

| | |
|---|---|
| — село Емирица | 1 |
| — село Татомир | 1 |
| — село Железница | 1 |
| — село Каврак | 1 |
| — село Куклица | 2 |
| — село Димонце | 1 |
| — село Пендаќ | 1 |
| — село Коњух | 1 |

УСЛОВИ: За работните места професор соодветен факултет, за управител ВПШ или учител со стручен испит, за наставник ВПШ, а за учител учителска школа.

Во селата: Емирица, Кнежево I, Кнежево II, Каврак, Куклица, Татомир, Кутово, Пендаќ, Димонце, Коњух, Шопско Рудари следува посебен додаток за работа под тешки услови кој што изнесува до 5.000 динари. За професорите во Гимназијата следува посебен додаток до 10.000 динари.

**НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНАТА КРИВА ПАЛАНКА**

I ГИМНАЗИЈА „МОША ПИЈАДЕ" — КРИВА ПАЛАНКА

Професор за:

| | |
|---|---|
| — македонски јазик | 1 |
| — француски јазик | 1 |
| — географија | 1 |
| — физика | 1 |
| — (или наставник) за општотехничко образ. | 1 |

II ИНТЕРНАТ ПРИ ГИМНАЗИЈАТА — КРИВА ПАЛАНКА

| | |
|---|---|
| — воспитачка | 1 |

III УЧИЛИШТЕ ЗА УЧЕНИЦИ ВО СТОПАНСТВОТО — КРИВА ПАЛАНКА

| | |
|---|---|
| — раководител на училиштето | 1 |

IV ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ЈОАКИМ КРЧОВСКИ" — КРИВА ПАЛАНКА

Наставник за:

| | |
|---|---|
| — математика и физика | 1 |

V ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО С. РАНКОВЦИ

Наставник за:

| | |
|---|---|
| — француски јазик | 1 |
| — македонски јазик | 1 |
| — српско-хрватски јазик | 1 |
| — математика и физика | 1 |
| — биологија и хемија | 1 |

VI ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО С. ПОДРЖИКОЊ

Наставник за:

| | |
|---|---|
| — македонски и српски јазик | 1 |
| — француски јазик | 1 |
| — математика и физика | 1 |
| — историја и географија | 1 |
| — ликовно воспитување | 1 |

VII ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО СЕЛО ПСАЧА

Наставник за:

| | |
|---|---|
| — историја и географија | 1 |
| — француски јазик | 1 |
| — (или стручен учител) физ. воспитување | 1 |

VIII ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО С. ДУРАЧКА РЕКА

Наставник за:

| | |
|---|---|
| — македонски, руски и француски јазик | 1 |
| — математика и физика | 1 |

IX ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО С. ЖИДИЛОВО

Наставник за:

| | |
|---|---|
| — руски јазик | 1 |
| — математика и физика | 1 |
| — биологија, хемија и географија | 1 |
| — општотехничко образование | 1 |
| — ликовно воспитување | 1 |

X ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Учител за:

| | |
|---|---|
| — село Длабочица | 1 |
| — „ Станча | 1 |
| — „ Баратлија | 1 |
| — „ Петралица I | 1 |
| — „ Петралица II | 1 |
| — „ Одрено | 1 |
| — „ Опила | 1 |
| — „ Гиновци | 2 |
| — „ Баштево | 1 |
| — „ Нерав | 1 |
| — „ Габер | 1 |
| — „ Градец II | 1 |
| — „ Добровница | 1 |
| — „ Луке | 2 |
| — „ Трнове | 1 |
| — „ Мартиница | 1 |
| — „ Жидилово | 3 |
| — „ Ранковци | 2 |
| — „ Отошница | 1 |

УСЛОВИ: За работните места професор завршен филозофски факултет, наставник завршен ВПШ, а учители завршена учителска школа. Во селата: Станче, Баратлија, Баштево, Нерав, Габер, Луке, Трново и Подржикоњ се плаќа посебен додаток за работа под тешки услови во износ од 2.000—5.000 динари. Ова исто важи и за наставниците во Подржикоњ.

Воспитачката за Интернатот при Гимназијата треба да има завршена учителска школа — воспитачки оддел — положен стручен испит и тригодишна практика.

Управителот на Училиштето за ученици во стопанство во Крива Паланка треба да има завршено учителска школа, положен стручен испит и 5 години учителска практика.

**НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНАТА ЛИПКОВО**

I ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „НАПРЕДОК" ВО СЕЛО МАТЕЈЧЕ

шиптарски и српски наставен јазик

Наставник за:

а) за шиптарски наставен јазик

| | |
|---|---|
| — шиптарски јазик | 1 |
| — биологија | 1 |
| — математика и физика | 1 |
| — француски јазик | 1 |

б) за српски наставен јазик

| | |
|---|---|
| — српски јазик | 1 |
| — историја и географија | 1 |

— биологија 1
— македонски јазик 1
— стручен учител 1
— учители 2

II ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ЈЕТА Е РЕ“ ВО СЕЛО СЛУПЧАНЕ — шиптарски јазик

Наставник за:
— македонски јазик 1
— француски јазик 1
— математика и физика 1
— историја и географија 1
— општотехничко образование 1
— музичко воспитување 1
— физичко воспитување 1
— биологија 1
— учители за нижи одделенија 2

III ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „БАЈРАМ ШАБАНИ“ во с. ЛИПКОВО со шиптарски наставен јазик

Наставник за:
— француски јазик 1
— историја и географија 1
— македонски јазик 1
— биологија 1
— музичко воспитување 1
— стручен учител 1
— учители 2

IV ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „РИЛИНДИЈА“ во с. ЛОЈАНЕ со шиптарски наставен јазик

Наставник за:
— македонски јазик 1
— француски јазик 1
— математика и физика 1
— историја и географија 1
— биологија 1
— музичко воспитување 1
— физичко воспитување 1
— ликовно воспитување 1
— општотехничко образование 1
— стручен учител 1
— учители за нижи одделенија 5

V ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО С. НИКУШТАК со шиптарски наставен јазик

Наставник за:
— македонски и шиптарски јазик 1
— математика и физика 1
— француски јазик 1
— историја и географија 1
— учители 2

VI ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО С. ОТЉА со шиптарски наставен јазик

— учители 2

VII ОДДЕЛЕНСКА ОСНОВНА ЧЕТИРИГОДИШНА НАСТАВА — шиптарски јазик

Учител за:
— село Алашевце 1
— „ Белановце 1
— „ Виштица 1
— „ Гошинце 2
— „ Извор 1
— „ Руница 1
— „ Ропаљце 1
— „ Ранковце 1
— „ Стрима 1
— „ Стража 1
— „ Думановце за македонски јазик 1
— „ Думановце за шиптарски јазик 1

УСЛОВИ: За наставници ВПШ или учителска школа со положен стручен испит и најмалку 5 години работа во вишите одделенија, а за учители учителска школа. Стан, огрев, посебен додаток со поголем број ученици и посебен додаток за работа под тешки услови обезбеден.

**НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНАТА ОРАШАЦ**

I ОСНОВНО ОСУМГОДИШНО УЧИЛИШТЕ „КИРИЛ И МЕТОДИ“ во село Орашац

Наставник за:
— македонски јазик 1
— француски јазик 1
— српско-хрватски и руски јазик 1
— историја и географија 1
— (или учител) по музичко воспитување 1
— (или стручен учител) по физичко воспитување 1
— физика 1

II ОСНОВНО ОСУМГОДИШНО УЧИЛИШТЕ „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ во село Пчиња

Наставник за:
— македонски и српски јазик 1
— француски и руски јазик 1
— математика и физика 1
— историја и географија 1
— (или стручен учител) физичко воспитување 1
— (или стручен учител) музичко воспитување 1
— (или стручен учител) ликовно воспитување 1

III ОСНОВНО ОСУМГОДИШНО УЧИЛИШТЕ „Карпош“ во село Винце

Наставник за:
— француски и руски јазик 1
— математика и физика 1
— биологија и хемија 1
— историја и географија 1
— физичко воспитување 1

IV ОСНОВНО ОСУМГОДИШНО УЧИЛИШТЕ „ВЕРА КОТОРКА“ во село Клечовце

Наставник за:
— француски јазик 1
— руски јазик 1
— српско-хрватски јазик 1
— биологија и хемија 1
— математика 1
— физика 1
— географија 1
— историја 1
— (или стручен учител) ликовно воспитување 1
— (или стручен учител) физичко воспитување 1
— (или стручен учител) по музичко воспитување 1
— учител за одделенска настава 1

V ОСНОВНО СЕДУМГОДИШНО УЧИЛИШТЕ „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ во село Градиште

Наставник за:
— македонски и српски јазик 1
— математика и физика 1
— историја и географија 1

VI ОСНОВНО ПЕТГОДИШНО УЧИЛИШТЕ „КИРИЛ И МЕТОДИ“ во село Скачковце

Учител за:

— петто одделение 1

— одделенска настава 1

VII ОСНОВНО ПЕТГОДИШНО УЧИЛИШТЕ „Гоце Делчев“ во село Кокошиње

Учител за:

— петто одделение 1

VIII ЗА ОСНОВНИ ЧЕТИРИГОДИШНИ УЧИЛИШТА

Учител за:

— село Студена Бара 1

— село Колицко 1

— село Живиње 1

— село Пезово 1

— село Новосељане 1

— село Зубовце 1

— Бељаковце I 1

— село Бељаковце II 1

— село Мурташ 2

— село Јачинце 2

— село Повезенце 2

— село Довезенце 2

— село Длга (турски наставен јазик) 1

УСЛОВИ: за наставници завршено ВПШ, а за учители учителска школа. Во селата Длга и Живиње се плаќа посебен додаток за работа под тешки услови во износ од 3000 динари. Бесплатен стан и огрев согласно Уредбата обезбеден.

**НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНАТА СТАРО НАГОРИЧАНЕ**

I ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „Светозар Марковиќ“ во село Старо Нагоричане со српски наставен јазик

Управител на Основното училиште 1

Наставник за:

— српско-хрватски јазик 1

— француски јазик 1

— биологија и хемија 1

— историја и географија 1

— математика 1

— музичко и ликовно воспитување 1

— физика и општотехничко воспитување 1

— физичко воспитување 1

II ОСНОВНО ОСУМГОДИШНО УЧИЛИШТЕ ВО СЕЛО ДРАГОМАНЦЕ со македонски наставен јазик

Наставник за:

— српски и македонски јазик 1

— историја и географија 1

— математика 1

— музичко и ликовно воспитување 1

— физичко воспитување 1

III ОСНОВНО ШЕСТГОДШНО УЧИЛИШТЕ ВО СЕЛО БАЈЛОВЦЕ со македонски наставен јазик

Наставник за:

— македонски и француски јазик 1

— математика и физика 1

— историја и географија 1

IV ОСНОВНО ШЕСТГОДИШНО УЧИЛИШТЕ ВО СЕЛО ЧЕТИРЦЕ со српски наставен јазик

Наставник за:

— српски и француски јазик 1

V УЧИТЕЛИ ЗА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА

Учител за:

— с. Никуљане (настава на српски јазик) 2

— с. Пелинце (настава на македонски јазик) 1

— с. Сушево (настава на македонски јазик) 1

— с. Челопек (настава на македонски јазик) 1

— с. Канарево (настава на македонски јазик) 1

— с. Алинце (настава на македонски јазик) 1

— с. Жељувино (настава на македонски јазик) 1

— с. Дејловце (настава на македонски јазик) 1

— с. Жегљане (настава на македонски јазик) 2

— с. Длабочица (настава на македонски јазик) 1

— с. Малотино (настава на македонски јазик) 1

— с. Магленце (настава на македонски јазик) 1

— с. Буковљане (настава на македонски јазик) 1

— с. Облавце (настава на македонски јазик) 1

— с. Орах (настава на македонски јазик) 1

— с. Дренак (настава на македонски јазик) 1

— с. Рамно (настава на македонски јазик) 1

— с. Цвиланце (настава на македонски јазик) 1

УСЛОВИ: За управител завршен филозофски факултет, ВПШ или учителска школа со положен стручен испит и преку 5 години практика во просветата. За наставници ВПШ, за учители завршена учителска школа. Во селата: Пелинце, Дејловце, Жељувино, Алинце, Цвиланце, Рамно, Магленце, Буковљане, Малотино, Длабочица, Дренак, Бајловце следува посебен додаток за тешки услови од 2.000 — 5.000 динари.

Заинтересираните кандидати треба да се јават до училишните одбори.

Кон молбата треба да бидат приложени:

1. податоци за движење во службата,

2. документи за школска односно стручна квалификација,

3. препис од оценките — карактеристики за последните 3 год.

Во пријавите да биде наведена точната адреса на боравењето во времето од 20 до 30 јуни 1962 год.

Пријавите се поднесуваат до 31-V-1962 година.

Бр. 3209/1 од 27-IV-1962 година.

---

СОДРЖИНА

41. Одлука за стопите и паушалните износи на придонесот за основното здравствено осигурување на земјоделските производители за 1962 година — — — — — — 157

42. Одлука за разрешување и избор на судии 157

43. Одлука за определување на воздухопловни пристаништа (аеродроми) створени за внатрешен јавен воздушен сообраќај — 158

**Исправка** на Законот за музејските установи — — — — — — — — — — 158

**Издавач: „Службен весник на НРМ“ — новинско - издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 ноември“ бр. 10. Пошт. фах. 51. Тел. 19-86. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 802-11/1—698 при Народната банка — Скопје. Графички завод „Гоце Делчев“ (2604) — Скопје.**